METAMORPHOSIS

# ЕФЕКТОТ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ И СТРАНСКИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВО 2023 ГОДИНА



METAMORPHOSIS

**Издавач:** Фондација за интернет и општество Метаморфозис – Скопје
ул. Франклин Рузвелт број 19, Скопје 1000, Северна Македонија;
metamorphosis.org.mk

**За издавачот:** Бардил Јашари, извршен директор, Фондација „Метаморфозис“

**Уредници:** Филип Стојановски и Данче Даниловска-Бајдевска

**Истражувач:** Ѓорѓи Митревски

**Спроведување на анкетата:** Агенција Рејтинг

**Лектура:** Бестел – јазичен центар

**Дизајн:** Бригада дизајн

ifex The global network PROMOTING & DEFENDING FREE EXPRESSION

Истражувањето е изработено во рамките на проектот „Градење на капацитетите на граѓанските организации, медиуми и новинари преку обука, овозможувајќи им да ги надградат своите вештини за препознавање и известување за малигното странско влијание преку медиумите во клучните сфери на општеството“, кој се спроведува од страна на Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис - Скопје со поддршка од ИФЕКС - глобална мрежа за промоција и заштита на слободата на изразување (IFEX - The Global Network Promoting and Defending Free Expression). Содржините се одговорност на Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис – Скопје и не секогаш ги одразуваат ставовите на ИФЕКС.

Лиценца: Содржините на ова издание се објавени под лиценцата „Криејтив комонс: Наведи извор“ https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/ – дозволено е нивно споделување, копирање и редистрибуција, како и адаптација, под единствен услов да се наведат изворот и издавачите.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 4

**РЕЗИМЕ НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ** 5

**ПРЕГЛЕД НА ДЕЗИНФОРМАЦИСКИ НАРАТИВИ ВО МЕДИУМИТЕ** 8

**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ** 11

**ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ** 11

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ** 11

- РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ 11
- ИНТЕРЕС ЗА ПРОМЕНИ НА ПОЛИТИКАТА 16
- ВЛИЈАНИЕ НА СТРАНСКИ И НА ДОМАШНИ ИЗВОРИ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ 22
- ВЛИЈАНИЕ НА ПРОРУСКИТЕ ДЕЗИНФОРМАЦИСКИ НАРАТИВИ 23
- ГЕОПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 27

**ПРЕПОРАКИ** 31

**АНЕКС: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 33

**МЕТОДОЛОГИЈА НА СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИСКИТЕ НАРАТИВИ ВО МЕДИУМИТЕ** 33

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ** 33

- ДЕМОГРАФИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ 34

# ВОВЕД

Во 2023 година, создавањето и ширењето дезинформации се препознаени не само како медиумски, туку и како безбедносен проблем, кој го нарушува функционирањето на демократските институции и на медиумската сфера, предизвикувајќи огромни ризици за целото општество, загрозувајќи ги основните човекови права – од личната безбедност и здравје, до сите видови слободи. По целосната руска инвазија врз Украина во 2021 година, на глобално ниво настана пресврт во перцепцијата на важноста на овој проблем, кој претходно беше игнориран или минимизиран. За жал, огромните вложувања на антидемократските актери, продолжија да го јакнат влијанието на дезинформациите, заедно со теориите на заговори и разните видови пропагандни и политички манипулации.

Истражувањето „Ефектот на дезинформациите и странските влијанија врз демократските процеси во Северна Македонија во 2023 година" е спроведено за да се утврди степенот на изложеност и влијанието на дезинформациите врз граѓаните во Република Северна Македонија преку комбинирање анализи на карактеристиките на протокот на дезинформации со анкета направена на репрезентативен примерок на национално ниво. Применетата методологија овозможува споредување со резултатите на претходни истражувања од ист тип, меѓу кои и комплементарната анкета спроведена во 2022 година[1], со што се добиваат сознанија за трендовите како основа за поставување приоритети, пренесени и во вид препораки во насока на пристап со ангажирање на целото општество (анг. whole society approach) со кои се бараат решенија за структурните причини за подложност на дезинформации. Едновремено, резултатите од ова истражување директно ќе послужат во процесот на креирање Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите, за кој по иницијатива на граѓанското општество Владата презеде обврска да го вклучи во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година.

Дизајнот на ова истражување се водеше од ставот дека само преку емпириско согледување може да дојде до разбирање на реалните состојби, како основа за солидна новинарска работа за демистифицирање на широкоприфатените дезинформациски и популистички наративи што поттикнуваат апатија, според кои „сите се исти" и затоа нема смисла да се бара демократија.

Фондацијата „Метаморфозис" го спроведе ова истражување со поддршка од глобалната мрежа за одбрана и промоција на слободно изразување IFEX, како дел од сеопфатните напори чија цел е да се разоткрие влијанието на странската пропаганда во Република Северна Македонија и преку јавна едукација да се зајакне капацитетот на клучните засегнати страни (граѓански организации и активисти, медиуми и новинари, државни институции и носители на одлуки) за да може активно да учествуваат во градењето отпорност на штетните антидемократски влијанија.

[1] Ефектот на дезинформациите и странските влијанија врз демократските процеси во Северна Македонија во 2022 година; https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/istrazuvanje-mk-v07.pdf

# РЕЗИМЕ НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ

Истражувањето покажува значителна промена во навиките на информирање на граѓаните во споредба со минатата 2022 година. Информирањето преку личните контакти и комуникации бележи енормен пораст во текот на последнава година. Ако во минатата година само 36 % од граѓаните за случувањата и за настаните секојдневно се информирале преку непосредна комуникација во своите лични односи, оваа година тој процент е зголемен на 64 % и го надминува дури и процентот на граѓани што се информираат од домашните ТВ-станици. Од медиумските канали на информирање, најзастапени се домашните ТВ-станици (61 %), а веднаш по нив социјалните медиуми (58 %). Значителна промена во однос на минатата година има кај интернет-порталите – минатата година од интернет-порталите се информирале 37 %, додека, пак, оваа година овој процент изнесува дури 51 %.

Со исклучок на домашните ТВ-станици што подложат на регулација и Фејсбук кој има програма за проверка на факти, сите други медиумски канали од кои граѓаните секојдневно се информираат, немаат никакви политики на заштита од дезинформации. Интернет-порталите, иако би требало да го почитуваат Кодексот на новинарите и одредени услови за да станат дел од саморегулативното семејство, во реалноста не го прават тоа. Дополнително, бројот на интернет-портали во регистарот на професионални медиуми е значително помал од бројот на активни портали. На ова треба да го додадеме и фактот дека граѓаните се информираат и од интернет-портали од соседните земји (од каде што и доаѓаат најголем дел од дезинформациите), а за кои кај нас воопшто нема ниту евиденција.

Имајќи ја предвид таквата состојба, не нè изненадува фактот што најголем процент од граѓаните имаат целосна доверба во информациите што ги добиваат од личните контакти (24 %), додека, пак, во домашните ТВ-станици, како најчесто користен медиумски канал, целосна доверба имаат само 4 %. На информациите добиени од интернет-порталите и од социјалните медиуми целосно им веруваат помалку од 2 %, што покажува дека, иако граѓаните секојдневно се информираат од овие медиуми, имаат многу мала доверба во нив. Се чини како граѓаните да создале став дека не треба да им се верува на медиумите. Ваквото предубедување на граѓаните, ја отежнува задачата на професионалните медиуми за правилно информирање за случувањата во земјава и во странство, и овозможува простор за лесно ширење на дезинформациите.

Граѓаните се свесни дека дезинформациите претставуваат сериозен проблем во нашата земја – дури 83 % го делат ова мислење. Високи 42 % од граѓаните се изјасниле дека во текот на само една седмица, на медиумите од кои се информираат забележуваат целосно измислени стории за нечии политички цели и агенди, што покажува дека голем процент од граѓаните се свесни и за какви цели се користат дезинформациите.

Граѓаните исто така добро ја разбираат природата на дезинформациите – дури 75 % сметаат дека дезинформациите поттикнуваат говор на омраза и поделби во општеството, а 68 % се согласуваат дека дезинформациите се закана за безбедноста. Притоа, најголем процент од граѓаните (речиси 40 %) сметаат дека државата нема капацитет да се справи со заканите од дезинформации и други форми на специјална војна. Сепак, дури три четвртини од граѓаните (75 %) се согласуваат со тврдењето дека дезинформациите треба да се санкционираат со закон, а уште поголем процент (87 %) очекувааат Владата да преземе мерки за справување со дезинформациите во државата.

Овие податоци јасно укажуваат дека е потребно државните институции од законодавната и од извршната власт да земат проактивна улога во зајакнувањето на капацитетите на медиумите и да почнат процес за креирање државна стратегија за борба против дезинформациите, со цел да ги заштити граѓаните од штетните влијанија на дезинформациите. Ваквата потреба беше препознаена и во минатогодишното истражување од кое и произлезе истата препорака и останува приоритет, особено затоа што голем процент од граѓаните сметаат дека државата нема капацитет да се справи со заканите од дезинформации (речиси 40 %). Во меѓувреме, по иницијатива на група граѓански организации[2] Владата на РСМ презеде обврска[3] за креирање Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите, како дел од Годишната програма за работа во 2024 година.

[2] Препораки за заедничка акција за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите; https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/preporaki-za-zaednichka-akcija-za-gradenje-opshtestvena-otpornost-kon-shtetnite-vlijanija-na-dezinformaciite/

[3] Допис од Министерството за одбрана на РСМ бр. 10-2584/2 од 19.10.2023 година до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ.

Се чини дека општата недоверба во институциите на државата, од една страна, и недовербата во медиумите, од друга страна, само ја потхранува дезинформациската теза според која сите политички чинители, без исклучок, повеќе или помалку шират дезинформации. Па, така, кога ги прашавме граѓаните преку кои чинители се шират дезинформации, еднаков процент граѓани сметаа дека дезинформации шират дипломатијата и службите на Руската Федерација, како и дипломатиите и службите на ЕУ и на САД (околу 48 %). Резултатите од истражувањето упатуваат на заклучок дека дезинформациските наративи во медиумите што се користат да ги претстават ЕУ и САД како сосема исти, или ништо подобри од Русија, очигледно извршиле некакво влијание врз перцепцијата на граѓаните.

Граѓаните, во голема мера, се подложни на дезинформации и на теории на заговор. Тоа го потврдуваат и наодите од истражувањето, кое евидентираше висок процент на граѓани што веруваат во дезинформациски наративи. Така, дури 62 % од граѓаните веруваат дека „Глобалисти или елитисти ги контролираат случувањата во светот“, додека, пак, 66 % од граѓаните веруваат дека „КОВИД-19 беше создаден намерно“. Застапени беа и антивакциналните дезинформации – 28 % од граѓаните веруваат дека „болестите за кои се вакцинира, можат да се надминат и со природен имунитет“.

Кога станува збор за дезинформации поврзани со НАТО, кај граѓаните сè уште преовладува мислењето дека Русија има поголема воена сила. Ова се должи на долгоповторуваните дезинформации, кои било да поттикнуваат страв или восхит од Русија, никогаш не пропуштаат да ја истакнат како велесила од која дури и НАТО би требало да се плаши. Дезинформациските наративи дека „војната во Украина е, всушност, војна помеѓу Русија и НАТО“ и дека „во Украина постојат американски лаборатории за биолошко оружје“, се наративи во кои граѓаните веруваат, а доаѓаат од руската пропагандна машина, заедно со мислењето дека „Русија води борба против нацизмот во Украина“. Во сите овие наративи имаше поголем процент на граѓани што веруваат, наспроти оние што не веруваат, што ни укажува на успехот на пласирање дезинформации од Русија до одредена група граѓани што има тенденција да верува во нив. Иако истражувањето покажува дека проруските наративи имаат голема дисеминација во медиумскиот простор, 30 % од граѓаните сметаат дека во земјава нема ентитети што ги промовираат руските интереси. Уште позначајно е да се спомене дека дури 50 % од граѓаните немаат свое мислење за ова прашање. Во земјата недостасува свест за постоењето на ентитети што ги промовираат руските интереси, а дополнително политичките партии преземаат активности што отворено или прикриено заговараат свртување од курсот на интеграција во ЕУ и членство во НАТО, за сметка на правење сојуз со Русија. Во таа насока, медиумите и мрежите на влијание што шират проруски или антиукраински и анти-ЕУ и анти-НАТО наративи, не се идентификувани како експоненти на Кремљ.

Ставовите на граѓаните во однос на евроинтегративните процеси не се значително променети во однос на минатата година. Највисок процент граѓани (48 %) сметаат дека земјава треба да стане членка на ЕУ, но без отстапки со Бугарија. Уште повисоки 50 % не се согласуваат со идејата за промена на Уставот, со цел влез на земјава во ЕУ.

Во дезинформациските наративи за губење на традиционалните семејни вредности, кои ќе ги донесе членството во ЕУ, веруваат 39 % од граѓаните, што покажува дека дезинформациските напади кон ЕУ и НАТО имаат влијание врз веќе нарушената доверба кон западните вредности и ЕУ. За ова зборува и намалувањето на чувството на сигурност на граѓаните што го носи членството во НАТО. Ако минатата година 40 % од граѓаните се чувствувале посигурно заради членството на земјава во НАТО, годинава тој процент е паднат на 30 %.

Дезинформациите чија цел е да ја претставаат Русија како алтернатива на ЕУ, исто така одиграле улога во перцепцијата на граѓаните. Така, 35 % од граѓаните сметаат дека за нашата земја е покорисно сојузништво со голема словенска и православна сила како Русија. Спротивното мислење го застапуваат само 26 % од граѓаните. 42 % од граѓаните сметаат дека воведување санкции против Русија не е добра политика за нашата земја, што е само уште една потврда за медиумско присуство на дезинформациски наративи што имаат цел да ја истакнат поврзаноста на нашата земја со Русија, како и да укажат дека пријателство со вака моќна сила е од интерес за нашата земја.

Граѓаните имаат поделено мислење за влијанието на Русија врз нашата земја – 34 % се на ставот дека Русија има позитивно влијание, додека нешто поголем процент (38 %) се изјасниле дека Русија има негативно влијание. Сличен е и случајот со САД каде што гледаме поделено мислење – 39 % сметаат дека САД има позитивно влијание, додека 37 % сметаат дека има негативно влијание врз нашата земја.

Со исклучок на Србија, сите соседни земји, според мислењето на граѓаните, имаат доминантно негативно влијание врз нашата земја. Србија, пак, се смета за земја со најголемо позитивно влијание врз нашата земја. Настрана историската подлога за едно вакво доживување на Србија, фактот дека не постои јазична бариера, им овозможува на македонските граѓани лесен и редовен увид во случувањата во српската општествена сфера. Тоа, секако, дава директен отворен канал за ширење на дезинформациите што се веќе присутни во српскиот медиумски простор. Активностите на проверка на факти јасно потврдуваат дека најмногу проруски дезинформации до македонските

граѓани доаѓаат токму преку српските таблоиди. Присуството на проруските наративи е големо, затоа што Србија е земја што сè уште нема санкции кон Русија, меѓу другото овозможувајќи и руски државни медиуми да дејствуваат во земјата на локален јазик, па руските дезинформациски наративи слободно се шират до нашите граѓани преку српските медиуми. Уште повеќе што граѓаните се повеќе склони да му веруваат на медиумски извор што доаѓа од земја за која веруваат дека има најпозитивно влијание за нашата земја. Од друга страна, граѓаните го пренебрегнуваат или не се свесни за фактот дека Русија официјално ја има прогласено Република Северна Македонија за „непријателска земја" во 2022 година. Дополнително, влијание на ставовите на нашите граѓани кон Русија има и фактот дека Србија, како земја што голем процент од анкетираните ја сметаат за најпријателска, соработува со Русија, што се поврзува со наративи дека нејзината надворешна политика е пример што треба да се следи.

Анкетираните граѓани сметаат дека најнегативно влијание врз нашата земја има Бугарија – 77 % проценти од нив стојат на овој став.

Информациските празнини исто така даваат простор за дејствување на малигните надворешни влијанија врз перцепцијата на граѓаните. Најголем дел од граѓаните немаат мислење за кинескиот политички систем (повеќе од 40 %) и немаат јасен став во однос на влијанието на Кина врз нашата земја. Ако се земе предвид дека во медиумите главно се застапени информации за кинеските инвестиции и за економската соработка со Кина, забележуваме простор за креирање перцепција за позитивното влијание на Кина, со занемерување на фактот дека кинеските инвестиции во земјата може да одиграат и негативно влијание, особено ако се знае дека соработката со Кина може да налага процедури што не соодветствуваат со вредностите, правилата или со процедурите на ЕУ.

Непријателските надворешни влијанија освен политички и економски, користат и дезинформациски кампањи и пропаганда, преку кои ги менуваат перцепциите на граѓаните со цел да промовираат сопствени геополитички интереси. Тоа најјасно може да го видиме преку големиот број граѓани што веруваат во дезинформациски наративи наменети да ја претставaт Русија како алтернатива на ЕУ, а на сметка на тоа да ја поткопаат довербата во Западот и процесот на евроинтеграција. Големата дисеминација на проруски наративи и големиот број дезинформации што може секојдневно да се најдат во медиумите, создаваат перцепција кај граѓаните дека помеѓу Русија и САД нема голема разлика. Граѓаните веруваат дека владата на Русија сноси одговорност за инвазијата на Украина и не го оправдуваат рускиот напад врз Украина, меѓутоа, исто така, веруваат во проруските наративи што имаат намера да префрлат дел од одговорноста за војната и на САД (како, на пример, постоење американски биолаборатории во Украина). Ваквите наративи се многу опасни за веќе ранливата демократија во земјава и имаат капацитет да ѝ нанесат огромна штета. Менувајќи ги перцепциите на граѓаните, странските влијанија ги менуваат и геополитичките убедувања на граѓаните во однос на насоката во која треба да се движи земјата.

# ПРЕГЛЕД НА ДЕЗИНФОРМАЦИСКИ НАРАТИВИ ВО МЕДИУМИТЕ

Дезинформациите како главно глобално прашање имаат особено негативно влијание врз кревката демократија на Северна Македонија, но и на земјите од Западен Балкан. Странски малигни влијанија ги користат дезинформациите и медиумските манипулации како алатка за да предизвикаат поларизација и конфузија. Хиперпродукцијата на разни дезинформациски наративи, особено во врска со руската агресија кон Украина, продолжува да ја нарушува социјалната кохезија и демократскиот развој во земјата. Овие наративи постојано се менуваат, но имаат една цел: да всадат антидемократски и антизападни чувства, сè со цел да се пренасочат политиките на државата подалеку од Европската Унија (ЕУ) и од НАТО. За да се постигне ова, малигните актери ги искористуваат клучните политички и општествени случувања какви што се избори, референдуми и пандемии за да промовираат дезинформации и придружни наративи за поддршка на своите идеолошки и геополитички цели[4].

Со цел да се добие појасна слика за изложеноста на граѓаните на дезинформациски содржини, а преку тоа и да се разберат одредени промени на ставовите на граѓаните забележани при споредбената анализа на наодите од истражувањата на јавното мислење во 2022 и 2023 година, беше направен преглед на најзастапените дезинформациски теми, односно дезинформациските содржини во македонската медиумска сфера во периодот јануари-септември 2023 година, кои се достапни во кварталните медиумски мониторинг извештаи со фокус на Северна Македонија[5].

На следниот графикон се прикажани најфреквентно застапените медиумски теми околу кои се групирале дезинформациските наративи во набљудуваниот период.




[4] Geopolitical perspective of disinformation flows in the Western Balkans; https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2023/06/geopolitical_perspective_of_disinformation_flows_in_the_western-balkans_2022-6-1.pdf

[5] Disinformation trends and narratives in the Western Balkans media monitoring report for the period January - March 2023; https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2023/04/metamorfozis-dezinformacii-i-narativi-januari-mart-2023-za-web-1.pdf
Disinformation trends and narratives in the Western Balkans media monitoring report for the period April – June 2023; https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2015/07/media-monitoring-april-june-2023-18.pdf
Disinformation trends and narratives in the Western Balkans media monitoring report for the period July - September 2023; https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2015/10/media-monitoring-july-september-2023-13.pdf

Убедливо најзастапената медиумска тема околу која се пласираа најголем број дезинформации беше војната во Украина. Од почетокот на руската агресија во Украина, во медиумите постојано кружат дезинформации што имаат тенденција да ја оправдаат руската агресија. Додека специфичните наративи се менуваат, дистрибуцијата на дезинформациите останува иста. Најчести наративи на оваа тема беа следниве:

- Војната во Украина е војна меѓу НАТО и Русија
- Русија не води војна во Украина, туку само спроведува специјална операција
- Русија во Украина се бори против нацизмот
- Украина регрутира деца на фронтот
- Трговија со органи во Украина
- Украина ја продава донираната воена помош на црниот пазар

Сите овие наративи ја прикажуваат Украина во најлошо можно светло како слаба и корумпирана наспроти Русија која е супериорна и моќна, и имаат цел да ја поткопаат довербата на граѓаните во одлуките на државата што се во насока на помош и поддршка на Украина.

Антизападните наративи во земјава се надоврзуваат на руската пропаганда. Една од карактеристиките на пропагандата на Кремљ се културните војни, кои го истакнуваат неединството во западните општества при справувањето со прашања за кои има општествено несогласување и поларизација. Овој тип пропаганда и дезинформации го претставуваат „Западот", односно западните демократии, како земји што во решавање на општествените прашања, ги напуштаат традиционалните вредности, при што не се водат од морални начела, и како такви, ги поставуваат како спротивност на руското општествено уредување што ги претпочита традиционалните, односно „правилните" вредности. Истите наративи преовладуваат и во балканските земји и поради тоа можат да бидат зрели за дезинформациска експлоатација со нечесно дотерување на контекстот во кој се изразуваат. Овде најчестиот наратив е „Западот ги уништува семејствата, културниот и националниот идентитет, практикува перверзија и злоупотреба на децата, вклучително и педофилија, и сето тоа е прогласено за нормално во нивниот живот".

Различните дезинформациски наративи поврзани со интеграцијата во ЕУ, иако доста присутни во набљудуваниот период, станаа поприсутни по одлуката на Бугарија да стави вето за почеток на пристапните преговори за Северна Македонија. Дезинформациските наративи што од една страна ја прикажуваат ЕУ како „поддржувач на антидемократско и фашистичко однесување меѓу земјите членки", а од друга страна потенцираат дека „членството во ЕУ значи губење на идентитетот", имаат цел да создадат незадоволство кон ЕУ и да презентираат други антиевропски алтернативи за земјата. Дезинформациите што го проблематизираат губењето на идентитетот, освен што создаваат страв, исто така ја поларизираат јавноста и ја промовираат Русија како пријателска земјата што може да ѝ помогне на Северна Македонија. Најчести анти-ЕУ наративи забележани во набљудуваниот период беа:

- ЕУ не сака вистински Северна Македонија да биде дел од Унијата
- ЕУ ја уценува и ја лаже Северна Македонија
- За Северна Македонија е подобро да се приклучи кон БРИКС отколку во ЕУ
- За Северна Македонија е подобро да биде со Русија наместо со ЕУ
- Влез во ЕУ значи губење на идентитетот

Дезинформациите поврзани со ЛГБТ-заедницата најчесто се користат за напади кон ЕУ или кон Западот, а помал дел од нив се надоврзуваат на прорускиот наратив за зачувувањето на традиционалните општества и религијата. Во најголемиот дел од написите доминира нарацијата дека должност е да се заштити семејството и децата, со што се креира морална паника заснована на говор на омраза и дезинформации. Најчесто застапени наративи во оваа насока беа:

- Европските земји се болни, затоа што луѓето таму ги поддржуваат вредностите на ЛГБТ
- ЛГБТ-заедницата е закана за традиционалниот начин на живот
- ЕУ заедно со ЛГБТ-заедницата промовира педофилија

На овие дезинформациски наративи често се надоврзуваат и антиродовите движења, кои се противат на начелото на родова еднаквост, се спротивставуваат на истополовите партнерства и на правата на трансродовите лица, и во крајна инстанција, ги надополнуваат и ги засилуваат анти-ЛГБТ наративите.

Со престанокот на пандемијата на КОВИД–19 драстично се намали пласирањето дезинформации поврзани со самата пандемија, но се засили бројот на антивакцинални наративи, чија цел е да го отежнат процесот на имунизација на популацијата. Овие дезинформациски наративи создаваат страв од вакцинација, при што причинуваат огромна штета не само по граѓаните, туку и по јавното здравје. Најзагрижувачко е влијанието што овие наративи го имаат врз намалување на имунизацијата на децата. Најчести антивакцинални наративи во набљудуваниот период беа:

- Вакцините се агенда за депопулација на населението
- Вакцините предизвикуваат рак
- Вакцините влијаат врз плодноста и предизвикуваат стерилитет
- Вакцините предизвикуваат аутизам
- Вакцините се отровни, небезбедни, експериментални и не заштитуваат

Теориите на заговор подразбираат постоење мала група моќни луѓе, кои тајно планираат незаконски и злобни активности што влијаат врз текот на настаните. Вообичаено, теориите на заговор не се поддржани со докази што можат да издржат критичка проверка, но тоа не ги спречува брзо да се шират. Било да се однесуваат на руската агресија врз Украина, или на пандемијата, напади кон ЕУ или кон Западот, теориите на заговор се штетни за општеството на повеќе начини. Најчести наративи што произлегуваат од овие теории, а биле присутни во македонската медиумска сфера во набљудуваниот период се:

- „Кемтрејлс“ – таканареченото „запрашување“ на населението
- Теоријата на заговор за 5Г мрежата
- По пандемијата на светската сцена ќе настапи „нов светски поредок“
- НАТО и Западот се творци на сатанизмот
- Има чипови во вакцините

Сите овие дезинформациски наративи ги користат важните општествени случувања и имаат цел да ја дестабилизираат земјата и да обезбедат поголем простор за странските малигни влијанија. Дезинформациските наративи ја продлабочуваат веќе постојната поларизација во македонското општество и влијаат негативно врз општествените процеси, како што е процесот на евроинтеграции. Дезинформациите не се само информациски, туку и безбедносен проблем, па борбата против нив бара интердисциплинарен пристап.

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

За овозможување на процесот на застапување и поттикнување соодветна промена на медиумските политики, во октомври 2023 година беше спроведено истражување на јавното мислење, со кое беа испитани ставовите и мислењата на населението во Северна Македонија во однос на дезинформациите во медиумите, интересот за промена на политики и влијанието на странските и на домашните извори на дезинформации во контекст на интеграцијата во НАТО и ЕУ, како и нивната подложност на различни форми на странски малигни влијанија.

Со цел подобро да се разберат ефектите од дезинформациските наративи во текот на изминатата година, односно да се процени нивното влијание врз промената на ставовите на граѓаните во однос на темите од интерес на истражувањето, беше направена и компаративна анализа со резултатите добиени од истражување на јавното мислење спроведено во претходната 2022 година. Ваквата анализа, исто така, помогна и во процена на позитивните ефекти од активностите поврзани со проверка на факти во медиумите, како и во донесување препораки за мерките што треба да ги преземат релевантните државни институции за проактивно одвраќање на операциите на странски малигни влијанија во земјата.

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

### РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

За новостите и за случувањата во земјава и во странство, граѓаните во најголема мера се информираат од домашните ТВ-станици – 62 % се информираат од домашните ТВ-станици секојдневно, а 24 % неколкупати седмично. Притоа, од домашните ТВ-станици во најголема мера се информира повозрасната популација. Уште еден најфреквентен канал на информирање се социјалните медиуми – 58 % од граѓаните од социјалните медиуми се информираат секојдневно, додека 16 % барем неколкупати седмично. Овде, истражувањето покажува дека овие два најфреквентни медиуми на информирање се различно застапени кај различните возрасни групи на популацијата. Домашните ТВ-канали се доминантен медиум на информирање за повозрасната популација. Имено, од домашните ТВ-станици секојдневно се информира 81 % од популацијата на возраст од 65+, 77 % од популацијата на возраст од 50 до 64 години и 52 % од популацијата на возраст од 30 до 49 години. Социјалните медиуми, пак, се доминантен канал на информирање за помладата популацијата. Така, од социјалните медиуми секојдневно се информираат дури 77 % од граѓаните на возраст од 18 до 49 години.

Истражувањето покажува дека информирањето преку личните контакти и комуникации бележи енормен пораст во текот на последнава година. Ако во минатата година 36 % од граѓаните за случувањата и за настаните секојдневно се информирале преку непосредна комуникација во своите лични односи, а 35 % се информирале од личните контакти неколкупати седмично, оваа година е измерена значително зголемена фреквенција. Дури 64 % од граѓаните се изјасниле дека преку личните контакти се информираат секојдневно, а дополнителни 22 % потврдиле дека преку личните контакти се информираат барем неколкупати седмично.

Информирањето од интернет-порталите исто така бележи значителен раст во однос на минатата година. Оваа година дури 51 % од граѓаните потврдиле дека од интернет-порталите се информираат секојдневно (наспроти 37 % минатата година), а 18 % од граѓаните, односно исто како и минатата година, потврдиле дека од интернет-порталите се информираат неколкупати седмично.

Мал пораст е забележан и во користење на радиото како медиум за информирање – минатата година 13 % го навеле овој медиум како секојдневен извор на информирање, а годинава тој процент е 18 %. Исто така, минатата година 11 % се информирале од радио неколкупати седмично, додека годинава тој процент изнесува 20 %.

**Колку често се информирате од следниве канали за информирање?**




Истражувањето покажува дека граѓаните имаат малку доверба во информациите што ги добиваат од различните канали на информирање. Довербата во традиционалните медиуми (ТВ-станиците, радиото и печатените медиуми) е повисока во споредба со онаа што им се укажува на дигиталните медиуми. Така, 39 % од граѓаните целосно или донекаде им веруваат на домашните ТВ-станици, 30 % имаат доверба во ТВ-станиците од соседните земји, 21 % во меѓународните ТВ-станици, 38 % во радиостаниците, а 27 % во печатените медиуми.

Компаративната анализа на резултатите во однос на минатата година покажува пад на довербата во традиционалните медиуми, а пораст на довербата во дигиталните медиуми. Така, довербата во интернет-порталите се зголемила од 27 % во минатата година, на 30 % оваа година. Исто така, довербата во социјалните медиуми се зголемила од 21 % минатата година на 26 % оваа година.

Исто како и минатата година, и оваа година истражувањето покажа дека граѓаните имаат највисока доверба во информациите добиени преку лични контакти – дури 62 % од граѓаните имаат доверба во информациите добиени преку личен контакт.




Најголем дел од граѓаните (84 %) се свесни дека дезинформациите претставуваат сериозен проблем во нашата земја. Само 11 % не се согласуваат со ваквото тврдење.



Дури 57 % од граѓаните се изјасниле дека барем еднаш седмично на медиумите од кои се информираат, забележуваат информации што неточно или погрешно ја претставуваат реалноста. Овој процент е значително намален во однос на минатата година кога дури 69% од граѓаните се изјаснија дека барем еднаш седмично на медиумите од кои се информираат, забележуваат неточни информации. Оваа промена може да се должи на интензивираните активности во областа на проверка на факти во текот на изминатава година како резултат на што во изминатава година е забележано и намалување на фреквенцијата на дезинформациски наративи во интернет-порталите, како и на интензивирање на работата на саморегулаторните тела во земјава.

**Колку често на медиумите од кои се информирате, забележувате информации што неточно или погрешно ја претставуваат реалноста?**




Најголем процент од граѓаните сметаат дека имаат доволен степен на медиумска писменост и дека се способни да препознаат лажни вести или дезинформации на медиумите од кои се информираат. 31 % од граѓаните се многу сигурни, а 48 % се донекаде сигурни дека може да ги препознаат дезинформациите на медиумите. Притоа, граѓаните со високо образование во најголема мера веруваат дека имаат висок степен на медиумска писменост – 40 % од нив веруваат дека се многу сигурни, односно 48 % дека се донекаде сигурни во својата способност да препознаат лажни вести или дезинформации на медиумите. Кај граѓаните со средно образование овие проценти се помали – 29 % се многу сигурни, а 48 % се донекаде сигурни. Најниски проценти се измерени кај граѓаните со основно образование. Само 11 % од нив се изјасниле дека се сигурни, а 39 % дека се донекаде сигурни во својата способност да препознаат лажни вести или дезинформации на медиумите од кои се информираат.

**Во колкав степен сте сигурни во вашата способност да препознаете лажни вести или дезинформации на медиумите од кои се информирате?**



Најголем број од граѓаните (52 %) сметаат дека во текот на само една седмица на медиумите од кои се информираат, забележуваат употреба на лажни вести за да се дискредитира некоја организација, партија, држава или сл. 42 % од граѓаните се изјасниле дека забележуваат целосно измислени стории за нечии политички цели и агенди, а речиси 40 % од граѓаните во медиумите на кои се информираат, забележуваат стории во кои има искривени факти со цел да се постигне нечија агенда. 27 % се изјасниле дека во текот на една седмица наидуваат на лошо сработена новинарска сторија во медиумите од кои се информираат.

**Дали во текот на минатата седмица во медиумите од кои се информирате сте наишле на:**



## ИНТЕРЕС ЗА ПРОМЕНИ НА ПОЛИТИКАТА

Речиси половина од граѓаните (46 %) сметаат дека нивото на дезинформации што ги среќаваат во медиумите е толкаво, што би требало нешто да се преземе за нивно намалување. Наспроти нив, 28 % од граѓаните сметаат дека нивото на дезинформации не е толкаво што би требало да се преземат некакви мерки за нивно намалување. Индикативно е дека повеќе од една четвртина од граѓаните (26 %) немаат свој став по ова прашање.

Речиси една третина од граѓаните (31 %) сметаат дека дезинформациите во медиумите и на социјалните мрежи се негативна појава, но последиците од нив се многу мали. Наспроти нив, 40 % не се согласуваат со овој став и сметаат дека последиците од дезинформациите во медиумите и на социјалните мрежи не се мали. Овој став е најзастапен кај популацијата со високо образование (51 %), помалку кај популацијата со средно обрзование (36 %), а најмалку кај популацијата со ниско образование (24 %). Повторно индикативно, дури 29 % од граѓаните се резигнирани и немаат свој став во однос на ова прашање.

Сепак, дури три четвртини од граѓаните (75 %) се согласуваат со тврдењето дека дезинформациите треба да се санкционираат со закон.




Истражувањето покажува дека граѓаните добро ја разбираат природа на дезинформациите и целите на нивно ширење низ медиумската сфера. Така, дури 75 % од граѓаните сметаат дека дезинформациите поттикнуваат говор на омраза и поделби во општеството. Дури 51 % од граѓаните целосно се согласуваат со овој став, а 24 % донекаде се согласуваат.

Дури 68 % од граѓаните се согласуваат дека дезинформациите се закана за безбедноста и се опасни исто како и другите форми на специјална војна: хакерски напади, лажни дојави за бомби. Притоа, 43 % целосно се согласуваат, а 25 % донекаде се согласуваат со овој став.

Повеќе од половина од граѓаните (55 %) сметаат дека дезинформациите се орудие на недемократските и на авторитарните лидери и режими, а 48 % сметаат дека лажните дојави за бомби во училиштата, трговските центри и во институциите со кои се соочуваше нашето општество во изминатиот период, беа организирани надвор од границите на нашата држава.

Истражувањето покажува дека поголемиот процент од граѓаните (речиси 40 %) сметаат дека државата нема капацитет да се справи со заканите од дезинформации и други форми на специјална војна, додека значително помал процент (само 27 %) имаат спротивно мислење и сметаат дека државата има капацитет за борба против дезинформациите. Дури 26 % од граѓаните немаат изградено став во однос на ова прашање.

## Во колкав степен се согласувате со следниве изјави?




Граѓаните сметаат дека дезинформациите, во најголема мера, ги шират политичарите и новинарите, односно медиумите. Дури 89 % од граѓаните сметаат дека политичарите шират дезинформации, додека, пак, 85 % сметаат дека дезинформации шират новинарите, односно медиумите. Тука во прв ред се наведуваат социјалните медиуми и интернет-порталите. Дури 81 % од граѓаните се изјасниле дека дезинформациите се шират преку интернет-порталите и на социјалните медиуми.

Невладините организации се извор на дезинформации според 54 %, а корпорациите, односно бизнис-организациите според 51 % од граѓаните.

## Преку кои од следниве чинители се шират дезинформации во земјава?



Голем процент од граѓаните сметаат дека дезинформации се шират и преку различните дипломатски служби во нашата земја. Така, дури 55 % од граѓаните сметаат дека дезинформации се шират преку дипломатските служби на соседните држави, 50 % преку дипломатските служби на САД, а 49 % преку дипломатијата на ЕУ.

Во однос на истражувањето на јавното мислење од минатата година, оваа година се зголемил процентот на граѓаните што сметаат дека дипломатските служби на Руската Федерација шират дезинформации во државата. Минатата година 46 % од граѓаните сметаа дека дипломатијата на Руската Федерација шири дезинформации во државава, додека, пак, оваа година тој процент изнесува 49 %.

Според граѓаните, дезинформации се шират и преку академските институции и научниците (41 %), како и преку домашните образовни институции. Во однос на домашните образовни институции, истражувањето исто така бележи раст: ако минатата година 37 % од граѓаните сметале дека овие институции шират дезинформации, оваа година тој процент порасна на 43 %.

**Преку кои од следниве чинители се шират дезинформации во земјава?**



Повеќе од три четвртини од граѓаните (дури 86 %) сметаат дека владата треба да преземе мерки за справување со дезинформации во медиумите.

### Според ваше мислење, дали Владата треба да преземе мерки за справување со дезинформациите во медиумите?




За успешно справување со дезинформациите, потребно е да се преземат различни активности и мерки. Во таа насока, 82 % од граѓаните сметаат дека е важно новинарите да се придржуваат до професионалните стандарди и да внимаваат на вистинитоста на вестите што ги објавуваат, а исто толкав процент (82 %) сметаат дека во медиумите треба континуирано да се известува за штетното влијание на дезинформациите и на лажните вести.

80 % од граѓаните сметаат дека за успешна борба против дезинформациите е потребно да се зголеми нивото на свесност кај граѓаните за постоење дезинформации и лажни вести во медиумите, додека 76 % се согласиле со конкретни мерки што се однесуваат на промовирање на медиумската писменост и на критичкиот пристап кон информациите во медиумите. 67 % сметаат дека граѓаните треба самите да ја проверуваат веродостојноста на информациите во медиумите.

79 % од граѓаните сметаат дека е важно да се донесе закон за заштита од дезинформации во медиумите, а 68 % од граѓаните решението го гледаат во постоењето независна организација, која ќе се занимава со проверка на факти во медиумите.

### Колку е важна секоја од овие мерки?



Повеќе од две третини, односно 68 % од граѓаните сметаат дека порталите треба во правниот статус да се изедначат со другите медиуми и да функционираат како медиуми под истите правни одговорности. Само 15 % не се согласиле со овој став.

**Според ваше мислење, дали порталите треба во правниот статус да се изедначат со другите медиуми и да функционираат како медиуми под истите правни одговорности?**




Во однос на минатата година истражувањето бележи пораст на свесноста кај граѓаните за одговорноста што ја имаат порталите кон своите читатели. Минатата година високи 74 % од граѓаните сметале дека порталите имаат одговорност да ги заштитат своите читатели од дезинформации, а оваа година тој процент пораснал на 79 %. Специфично е тоа што свесноста за одговорноста на порталите е пониска кај најмладата популација на возраст од 18 до 29 години (77 % сметаат дека порталите имаат одговорност да ги заштитат читателите од дезинформации), наспроти повозрасната популација – 87 % од популацијата на возраст од 30 до 49 години и 81 % од популацијата на возраст од 50 до 64 години смета дека порталите имаат одговорност да ги заштитат читателите од дезинформации. Исто така, популацијата со најниско образование во најмал степен бара одговорност од порталите – 59 % од граѓаните со ниско образование сметаат дека порталите имаат одговорност во однос на дезинформациите. Овој процент е повисок кај популацијата со средно образование (76 %), а највисок кај популацијата со високо образование (89 %). Граѓаните од албанската етничка заедница во многу повисок степен се свесни за одговорноста на порталите во однос на дезинформациите (85 %), наспроти граѓаните од македонската етничка заедница кај кои тој процент изнесува 76 %.

**Дали сметате дека онлајн порталите имаат одговорност да ги заштитат своите читатели од дезинформации?**




Иако е забележан одреден пад во процентите во однос на истражувањето од минатата година, и во годинешното истражување најголем број од граѓаните сметаат дека водечка улога во намалување на негативните ефекти од дезинформациите во медиумите треба да имаат институциите задолжени за креирање медиумски политики (64 %

минатата година, а 59 % оваа година), како и самите медиуми, односно новинарите (64 % минатата година, а 58 % оваа година). Трет клучен фактор се политичарите (39 % минатата година, а 41 % оваа година).

Годинешното истражување забележува промена на ставот на граѓаните во однос на улогата на некои од другите чинители. Ако минатата година 31 % од граѓаните сметале дека социјалните медиуми треба да имаат водечка улога во намалување на ефектите од дезинформациите, тој процент оваа година пораснал на 35 %. Исто така, истражувањето бележи значителен раст во очекувањата од неформалните здруженија на граѓаните, за кои минатата година 12 % од граѓаните сметале дека треба да имаат водечка улога во борбата со дезинформациите, а оваа година тој процент пораснал на 17%. Улогата на невладините организации е оценета исто како и минатата година (14 %), додека, пак, е забележано мало зголемување на очекувањата од академските институции (18 % минатата година, а 20 % оваа година сметаат дека академските институции треба да имаат водечка улога во намалување на ефектите од дезинформациите).

**Кои од следниве чинители, според вас, треба да имаат водечка улога во намалување на негативните ефекти од дезинформациите во медиумите?**



# ВЛИЈАНИЕ НА СТРАНСКИ И НА ДОМАШНИ ИЗВОРИ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

## Теории на заговор

Истражувањето покажува дека граѓаните во голема мера се подложни на дезинформации и на теории на заговор.

Минатата година беше измерено дека 71 % од граѓаните веруваат дека во светот постои тајна група моќни поединци, кои ги контролираат глобалните настани, како војните и економските кризи. Иако оваа година тој процент е значително намален, сепак е измерен висок процент од 62 % граѓани што сè уште го делат истото верување.  Исто така, голем процент од граѓаните сè уште веруваат дека КОВИД–19 беше создаден намерно за да можат светските сили да имаат економска и политичка корист. Ова верување годинава го делеле 66 % од граѓаните, што значи дека е дури и поизразено во однос на минатата година кога овој процент изнесувал 64 %.

### Во колкав степен верувате во секоја од следниве изјави?



Овогодишното истражување покажува и промена на ставот на граѓаните во однос на информациите поврзани со климатските промени. Ако минатата година само 24 % од граѓаните сметале дека климатските промени не постојат туку се измислени за да се контролира економијата, оваа година тој процент пораснал на 36 %.

Белите траги од авионите на небото се доказ дека нè прскаат со отрови, е наратив во кој веруваат 39 % од граѓаните (наспроти 36 % што не го прифаќаат за вистинит).

Поголем процент од граѓаните (41 %) не го прифаќаат за вистинит антиваксерскиот наратив според кој болестите за кои се вакцинира не се сериозни и може да се надминат со природен имунитет (29 % од граѓаните веруваат во вистинитоста на овој наратив). Сепак, најголем процент од граѓаните (49 %) сметаат дека редовните вакцини за деца се безбедни, наспроти само 14 % што го мислат сосема спротивното. Треба да се напомене дека високи 37 % немаат свој став по ова прашање.

## Во колкав степен верувате во секоја од следниве изјави?



## ВЛИЈАНИЕ НА ПРОРУСКИТЕ ДЕЗИНФОРМАЦИСКИ НАРАТИВИ

Кај граѓаните сè уште преовладува мислењето дека Русија има поголема воена сила од НАТО. Минатата година 43 % од граѓаните го делеле ова верување, наспроти 18 % кои верувале во сосема спротивното. Иако овогодишното истражување бележи промена во ставовите на граѓаните по ова прашање (37 % веруваат дека Русија има поголема сила од НАТО, наспроти 21 % што не веруваат), може да се каже дека кај граѓаните доминира ставот дека Русија има поголема воена сила од НАТО.

Најголемиот број граѓани во земјава (49 %) веруваат дека војната во Украина е, всушност, војна помеѓу Русија и НАТО. Овој процент е највисок кај граѓаните со високо образование (50 %), наспроти граѓаните со средно образование (44 %) и граѓаните со ниско образование (35 %).

Дури 39 % од граѓаните веруваат дека во Украина постојат американски лаборатории за создавање биолошко оружје. Овој наратив е значително пораспространет кај македонската етничка заедница (43 %) наспроти албанската етничка заедница (27 %).

Исто така, поголем е процентот на граѓани што веруваат дека Русија води борба против нацизмот во Украина. Дури 31 % од граѓаните го делат ова верување, наспроти 26 % што го отфрлаат ова верување како невистинито.

Иако поголем дел од граѓаните (43 %) не го оправдуваат рускиот напад врз Украина, сепак висок процент од дури 21 % сметаат дека рускиот напад врз Украина е оправдан. Притоа, ова е позастапено кај македонската етничка заедница (24 % сметаат дека рускиот напад врз Украина е оправдан), а помалку застапено кај албанската етничка заедница, каде што овој процент изнесува 14 %.



17 % од граѓаните сметаат дека во земјава има извори и ентитети што ги промовираат руските интереси. Притоа, овој став е најзастапен кај популацијата со високо образование (28 %), наспроти популацијата со средно образование (14 %) и популацијата со ниско образование во која само 3 % веруваат дека во земјава има извори и ентитети што ги промовираат руските интереси. Наспроти нив, 30 % сметаат дека во земјава нема такви ентитети. Дури 50 % од граѓаните немаат свое мислење за ова прашање.

### Дали според вашите сознанија има извори/ентитети што ги промовираат руските интереси и ставови во земјава?




Исто како и минатата година, од анкетираните граѓани што веруваат дека во земјава има ентитети што активно ги промовираат руските интереси, беше побарано да ги наведат тие ентитети. За разлика од минатата година, кога во најголем процент беа наведени тајните служби на други држави (11 %), медиумите (10 %) и политичките партии (9 %), оваа година во најголем процент беше наведена политичката партија Левица. 15 % од граѓаните што сметаат дека во земјава се промовираат руските интереси, сметаа дека таквите интереси се промовираат преку Левица. Ова означува значителна промена на мислењата во однос на претходната година, кога само 4 % од граѓаните што веруваа дека во земјава активно се промовираат руските интереси ја навеле Левица како извор на тие интереси.

Јавни личности (9 %), одредени политичари (7 %), одредени медиуми (5 %) и црквата (5 %) беа исто така наведени како ентитети што ги промовираат руските интереси во земјава.

### Кои извори/ентитети ги промовираат руските интереси и ставови во земјава? N=191



Антиевропските, односно проруските наративи во голема мера сè уште го креираат јавното мислење во земјава. Притоа, истражувањето покажува дека тие имаат значително поголемо влијание врз граѓаните од македонска етничка припадност, наспроти граѓаните од албанска етничка припадност. Така, 35 % од граѓаните сметаат дека за нашата земја е покорисно сојузништво со голема словенска и православна сила како Русија (што би било алтернатива на евроатлантските интеграции), наспроти 26 % од граѓаните што не се согласуваат со овој став. Наклоноста кон Русија во овој контекст е поизразена кај граѓаните од македонската етничка заедница (37 % сметаат дека е корисно сојузништво со Русија, наспроти 23 % што не се согласуваат со овој став). Кај граѓаните од албанската етничка заедница, високи 30 % се согласуваат дека сојузништвото со Русија е корисно за земјава, наспроти 35 % што не се согласуваат со овој став.

Дури 50 % од граѓаните сметаат дека сојузништвото со Русија и добивање поевтин руски гас би било од пресудно значење за подобрување на економијата на нашата земја. Повторно, овој став е поизразен кај граѓаните од македонската етничка заедница каде што 53 % се согласуваат, а 10 % не се согласуваат со наведениот став, наспроти граѓаните од албанската етничка заедница каде со наведениот став се согласуваат 39 %, а не се согласуваат 27 %.

Високи 42 % од граѓаните сметаат дека воведување санкции против Русија, во контекст на војната во Украина, не е добра политика за нашата земја. Овој став значително се разликува кај граѓаните од македонската и од албанската етничка заедница. Додека 53 % од граѓаните од македонска етничка припадност сметаат дека санкциите кон Русија не се добра политика (12 % сметаат дека се добра политика), само 9 % од граѓаните од албанска етничка припадност сметаат дека санкциите кон Русија не се добра политика, наспроти 47% што се согласуваат дека санкциите кон Русија се добра политика на нашата земја.

Мислењата се поделени и во однос на политиката на нашата земја кон Украина: додека 35 % од граѓаните сметаат дека нашата земја треба да продолжи да ги поддржува сувереноста и независноста на Украина во војната со Русија, високи 23 % го мислат токму спротивното. Оваа поделеност во ставовите е изразена кај граѓаните од македонска етничка припадност каде што 27 % сметаат дека нашата држава треба да ги поддржува суверноста и независноста на Украина, наспроти 29 % што го мислат токму спротивното. За разлика од нив, доминантен став кај граѓаните од албанската етничка заедница е дека нашата земја треба да продолжи да ги поддржува независноста и суверeноста на Украина (60 % од граѓаните од албанска етничка припадност се согласуваат со овој став, наспроти 6 % што не се согласуваат).



## ГЕОПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Политичкиот притисок врз земјава во однос на решавање на спорот со Бугарија, преку присутните информациски наративи во медиумите во текот на последнава година доведе до одредена промена во ставовите на граѓаните. Така, минатата година дури 60 % од граѓаните сметаа дека земјава треба да стане членка на ЕУ, но без отстапки со Бугарија, а годинава тој процент е намален на 48 %. На обратната страна, минатата година 19 % сметале дека земјава треба да направи отстапки кон Бугарија со цел успешно придружување на ЕУ, а оваа година тој процент пораснал на 26 %.

Сепак, истражувањето покажува дека дури 50 % од граѓаните не се согласуваат со идејата за промена на Уставот со цел влез во ЕУ, при што високи 42 % воопшто не се согласуваат со ваквата идеја, а 8 % донекаде не се согласуваат. Во однос на ова прашање, истражувањето покажува енормна разлика во ставовите на македонската и на албанската етничка заедница. Додека само 13 % од граѓаните со македонска етничка припадност се согласуваат на промена на Уставот (9 % целосно, а 4 % донекаде се согласуваат), дури 68 % од граѓаните од албанска етничка припадност се согласни да се смени Уставот (50 % целосно, а 18 % донекаде се согласуваат).

Граѓаните имаат поделени мислења и во однос на влијанието врз општествените вредности што ќе ги донесе членството во ЕУ. 39 % сметаат дека членството во ЕУ ќе доведе до губење на традиционалните семејни вредности, а помал процент од 31 % не се согласуваат со ваквиот став. Дури 20 % од граѓаните немаат свој став по ова прашање. Притоа, според податоците на истражувањето, македонската заедница е многу позагрижена од албанската етничка заедница за влијанието на ЕУ врз традиционалните семејни вредности. Додека 43 % од граѓаните со македонска етничка припадност сметаат дека членството во ЕУ ќе доведе до губење на традиционалните семејни вредности, кај граѓаните со албанска етничка припадност овој процент е значително помал (26 %).

Политичките случувања во текот на изминатата година, како и дезинформациските наративи што ги придружуваа во медиумите, дефинитивно влијаеја врз зголемување на евроатлантскиот скептицизам кај граѓаните. Така, минатата година 40 % од граѓаните се изјасниле дека се чувствуваат посигурно по влегувањето на земјава во НАТО, а оваа година тој процент е паднат на 30%.



Најпозитивно влијание врз нашата земја има политиката на соседна Србија. Дури 83 % од граѓаните го делат ова мислење (89 % од граѓаните од македонска етничка припадност и 66 % од граѓаните од албанска етничка припадност). Овој процент бележи значителен раст во однос на минатата година кога изнесувал 73 %. Уште една земја што има позитивно влијание врз нашата земја, според мислењето на граѓаните е Турција. Дури 66 % од граѓаните (89 % од граѓаните од македонска етничка припадност и 66 % од граѓаните од албанска етничка припадност) сметаат дека Турција има позитивно влијание врз нашата земја, што е зголемување на процентот што во минатата година изнесувал 62 %.

Ставовите во однос на влијанието на САД се поделени. Имено, минатата година 43 % од граѓаните сметале дека САД има позитивно, додека 38 % сметале дека има негативно влијание на нашата земја. Оваа година е намален процентот на граѓани што го делат позитивното мислење за САД, така што 39 % сметаат дека САД има позитивно влијание, додека 37 % сметаат дека има негативно влијание врз нашата земја. Ставовите во однос на влијанието на САД драстично се разликуваат кај граѓаните од македонската и од албанската етничка припадност. Додека кај граѓаните од македонска етничка припадност доминира ставот дека САД има негативно влијание врз земјава (46 % – негативно влијание, наспроти 31 % – позитивно), кај граѓаните од албанската етничка заедница истражувањето покажува спротивни наоди (66 % – позитивно влијание, наспроти 10 % – негативно влијание).

Истражувањето бележи значајна промена во ставовите кон Русија. Минатата година 40 % од граѓаните сметале дека Русија има позитивно влијание, а помал процент од 27 % дека има негативно влијание врз нашата земја. Оваа година истражувањето бележи значителна промена на ставовите. Така, додека 34 % сè уште се на ставот дека Русија има позитивно влијание, поголем процент граѓани (38 %) се изјасниле дека Русија има негативно влијание врз нашата земја. Притоа, додека граѓаните од македонска етничка припадност се поделени во однос на ставовите за влијанието на Русија (38 % позитивно влијание, наспроти 32 % негативно), поголем процент од граѓаните од албанската етничка припадност (59 %) сметаат дека Русија има негативно влијание врз нашата земја, наспроти 21 % кои го сметаат спротивното.

Иако голем дел од граѓаните (повеќе од 40 %) немаат јасен став во однос на влијанието на Кина врз нашата земја, може да се забележи дека граѓаните сметаат дека Кина има позитивно влијание, и тој став бележи значителен раст од минатата до оваа година. Минатата година 36 % од граѓаните се изјасниле дека Кина има позитивно влијание врз нашата земја, а оваа година тој процент пораснал на дури 43 %.

Најнегативно влијание врз нашата земја, според ставот на граѓаните, има Бугарија – 77 % од граѓаните во минатогодишното истражување, односно 78 % во овогодишното истражување сметаат дека Бугарија има негативно влијание врз нашата земја. Овој став главно го делат и граѓаните од македонска етничка припадност (81 %) и граѓаните од албанска етничка припадност (65 %).

Друга соседна земја што има доминантно негативно влијание е Грција. 54 % од граѓаните го делат ова мислење (истражувањето бележи пад во однос на минатата година кога овој процент изнесувал 61 %). Во однос на Грција има значителни разлики меѓу граѓаните од македонска и граѓаните од албанска етничка припадност. Додека за 62 % од граѓаните од македонска етничка припадност Грција има негативно влијание (за 19 % има позитивно), кај граѓаните од албанската етничка припадност ставовите се поделени (32 % – позитивно влијание, 30 % – негативно влијание).

54 % од граѓаните (53 % во минатата година) сметаат дека Косово има негативно влијание на нашата земја, а 28 % дека има позитивно влијание. Во однос на оваа соседна земја, истражувањето бележи најголема разлика во ставовите на граѓаните од албанската и од македонската етничка припадност. Додека 77 % од граѓаните од албанска етничка припадност сметаат дека Косово има позитивно влијание врз нашата земја (8 % сметаат дека има негативно влијание), граѓаните од македонска етничка припадност го имаат сосема спротивниот став – 66 % сметаат дека Косово има негативно влинаие, наспроти 13 % што сметаат дека Косово има позитивно влијание.

Ставовите во однос на влијанието на Албанија се поделени, со подем на негативниот сентимент во последнава година. Минатата година 36 % од граѓаните сметале дека Албанија има негативно, но 35 % од граѓаните сметале дека има позитивно влијание на нашата земја. Оваа година процентот на граѓани што сметаат дека Албанија има позитивно влијание останал речиси ист (34 %), но значително пораснал процентот на граѓани што влијанието на Албанија го оценуваат како негативно (46 %). Во однос на ставовите за влијанието на Албанија има значителни разлики меѓу граѓаните од македонска и од албанска етничка припадност. Имено, додека 76 % од граѓаните од албанска етничка припадност сметаат дека Албанија има позитивно влијание врз нашата земја (наспроти 5 % што сметаат дека има негативно влијание), ставот на граѓаните од македонска етничка припадност е различен – 59 % сметаат дека Албанија има негативно влијание, наспроти 19 % што сметаат дека Косово има позитивно влијание.




Од сите соседни земји, Србија е оценета како најголем пријател на нашата земја. Дури 71 % од граѓаните се изјасниле дека Србија е најголемиот пријател и овој процент бележи раст во однос на минатата година кога изнесувал 66 %. Во однос на ова прашање има разлика меѓу ставовите на граѓаните од македонската и од албанската етничка заедница. За граѓаните од македонската етничка заедница Србија е единствената пријателска соседна земја (85 % од граѓаните од македонска етничка припадност го делат овој став), додека за граѓаните од албанската етничка припадност нашата земја има три пријателски земји – Албанија (29 %), Србија (27 %) и Косово (12 %).

Од сите соседни земји, според ставот на граѓаните, најголем непријател на Северна Македонија е Бугарија. Дури 56 % од граѓаните го делат овој став. Во однос на ова прашање истражувањето не бележи разлика на ставовите кај граѓаните од македонска и од албанска етничка припадност – 58 % од граѓаните од македонска етничка припадност, односно 49 % од граѓаните од албанска етничка припадност, сметаат дека Бугарија е најголемиот непријател на нашата земја. Споредбата со истражувањето на ставовите на граѓаните од минатата година покажува раст на негативниот сентимент кон Бугарија – минатата година 50 % од граѓаните сметале дека Бугарија е најголемиот непријател на нашата земја, а годинава тој процент е зголемен на 56 %.

**Која соседна земја е најголем пријател на Северна Македонија?**




**Која соседна земја е најголем непријател на Северна Македонија?**



# ПРЕПОРАКИ

Како резултат на истражувачкиот процес и на анализата на податоците, ги даваме следниве генерални препораки:

- Неопходен е системски пристап за градење култура на критичко мислење и општествен дијалог на сите нивоа, почнувајќи од проактивна улога на државните институции на ниво на градење јавни политики, зголемување на квалитетот на медиумското покривање на жешките теми, додека медиумската и дигиталната писменост треба да се зајакне и преку образовниот систем и преку едукативни програми во медиумите, како и преку реформирање на односот на институциите и на засегнатите страни од сите сектори, како и на сите нивоа.

- Зголемувањето на употребата на онлајн медиумите, од интернет-портали до социјални мрежи, кои граѓаните ги вбројуваат и меѓу главните извори на дезинформации, ја наметнува потребата за решавање на напластените проблеми поврзани со недостаток на регулација во оваа област, преку измена и дополнување на законите и на прописите, со цел зачувување и унапредување на слободата на изразување, во согласност со стандардите на ЕУ.

- Неопходно е подигање на нивото на интегритет на медиумите преку зголемено почитување на професионалните и на етичките стандарди во новинарството, како и зголемена примена и видливост на механизмите за саморегулација. Медиумите треба да воведат интерни механизми со кои ќе ја зголемат сопствената отпорност на дезинформации преку воведување процедури за проверка на факти, а на ниво на уредувачки политики да го приоретизираат проактивното информирање за дезинформациските текови, заедно со промоцијата на медиумската и на дигиталната писменост.

- Медиумите да се заложат за пренесување проверени содржини од сервиси за проверка на факти или други медиуми, како и од граѓански организации што редовно разоткриваат дезинформации и дезинформациски наративи во рамките на своето работење.

- Ниското ниво на доверба во институциите на демократскиот систем, од една страна во Владата и во органите во нејзин состав до медиумите како столб на демократијата, а од друга страна во искажаната граѓанска свест за штетноста на дезинформациите, проследена со барање за решавање на состојбата, ја прави приоритетна потребата за системски пристап, почнувајќи со креирање државна стратегија за јакнење на отпорноста на штетните влијанија на дезинформациите, преку инклузивен процес што ќе ги земе предвид и сите досегашни искуства за надминување на поларизацијата.

- Неопходно е подигнување на нивото на јавна дебата за геополитичкиот контекст, текот на дезинформациите, нивните извори и интересите што ги промовираат, особено антидемократските тенденции поврзани со влијанија од странски авторитарни режими. Државните институции, академската односно научно-образовната заедница, медиумите и граѓанското општество имаат обврска проактивно да ги информираат граѓаните за состојбите преку позитивни наративи засновани на факти преку информативни и едукативни содржини, јавни дебати засновани на новинарски истражувања и стручни анализи.

- Резултатите од истражувањето укажуваат дека сè уште постои висока подложност на теориите на заговори и на другите алтернативни наративи, која е последица на структурни фактори и постојан притисок и лиферување дезинформации преку дел од медиумите, а особено преку социјалните мрежи. Овие состојби треба да се адресираат со конкретни програми засновани на соработка меѓу сите општествени чинители, наместо со патологизација или практики на политизација, отфрлање или игнорирање.

- Земајќи ја предвид високата поларизација во општеството по повеќе линии, а особено пристрасности поврзани со политичка припадност и отпор кон научниот пристап во медицината, при подготовка на интервенции против дезинформациите е важно да се носат одлуки засновани на податоци за тоа дали во дадена ситуација е ефективно да се примени конфронтирачки пристап (преку кој може да се зајакне поларизираноста), или, пак, да се настојува преку широк и инклузивен општествен дијалог да им се даде шанса на сите страни да преиспитаат дел од своите вредности, перцепции и размисли.

- Креаторите на јавното мислење треба да имаат предвид дека недостатокот на информираност и на издржана јавна дебата доведува до информациски празнини, кои даваат простор за делување на малигните надворешни влијанија врз перцепцијата на граѓаните со цел подривање на демократијата. Затоа е важно препознавањето и преиспитувањето на дезинформациските наративи да стане интегрален дел од сите форми на јавна комуникација и создавање содржини.

- Државните и јавните институции, приватните компании и граѓанските организации треба да ги надградат етичките кодекси, со цел инкорпорирање на борбата против дезинформации како основна вредност и понатамошен развој на соодветни работни процедури и критериуми за постапување при процесите на набавки на медиумски услуги.

- Сите институции, а особено оние од областа на здравството, да ги поддржат медиумите, сервисите, организациите што директно работат на откривање на дезинформациите поврзани со здравствени теми (особено за епидемии и за вакцинација), преку промоција на изработените содржини на нивните профили на социјалните мрежи и на веб-страниците.

- Државните институции од законодавната и од извршната власт треба да заземат проактивна улога во зајакнувањето на финансиските капацитети на професионалните медиуми, како и во креирањето поволна средина за финансиски инвестиции во медиумската индустрија, при што подобрувањето на состојбата со медиумите треба да се третира како стратегиска цел.

- Граѓанските организации треба да продолжат со креација и со акумулирање на знаења поврзани со проблемот на дезинформациите, особено иницијативи за подигање на јавната свест за штетните влијанија на дезинформациите и методите за градење отпорност кон нив, со кои ќе се опфатат различни целни групи од нивните заедници за кои ќе утврдат дека се најподложни на негативното влијание на дезинформациите, особено младите и повозрасната популација.

# АНЕКС: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## МЕТОДОЛОГИЈА НА СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИСКИТЕ НАРАТИВИ ВО МЕДИУМИТЕ

Овој извештај дава преглед на резултатите од процесот на мониторинг на домашните онлајн медиуми од јануари до септември 2023 година. Целта на овој мониторинг беше да се идентификуваат и да се анализираат дезинформациските трендови поврзани со странските малигни влијанија во земјава и да се разберат главните пораки што тие имаат за цел да ги испратат. За да се постигне оваа цел, тимот на Метаморфозис анализираше повеќе од 400 написи од различни медиуми и објави на социјалните мрежи, за кои се сомневаше дека содржат дезинформации поврзани со странски влијанија во земјава. Изборот на написите е направен врз основа на достапноста на проверливи факти, кои можат да се проверат преку професионални новинарски методи, при што беа вклучени и написите со висока застапеност на социјалните мрежи. Спроведената анализа на овие написи опфати неколку клучни аспекти, вклучително и пораката за дезинформација што тие имаат намера да ја пренесат, темите и наративите на кои се однесуваат, нивното ниво на влијание, изворите на потекло, дистрибуцијата на медиумите и нивниот потенцијал да предизвикаат насилство или радикализација.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

За спроведување на истражувањето беше употребена квантитативна истражувачка методологија. Техниката за прибирање податоци се состоеше од спроведување телефонска анкета (CATI) со помош на компјутер, онлајн преку платформа специјализирана за овој вид истражувања. Со помош на софтверска програма SPSS (IBM SPSS Statistics Program) податоците беа обработени со метод на дескриптивна статистика.

За постигнување на целите на истражувањето, беше изготвен прашалник од 37 прашања од затворен и од отворен вид.

За да се провери логичноста и јасноста на прашањата, прашалникот беше тестиран со пилот-истражување на 10 % од вкупните примероци, по кое следуваа дополнителни корекции од техничка природа.

За целите на ова истражување беше користена квантитативна истражувачка методологија на повеќестепен стратификуван репрезентативен примерок. Според геодемографската структура на населението, Северна Македонија е поделена на осум региони: Скопски, Полошки, Пелагониски, Вардарски, Североисточен, Југоисточен, Југозападен и Источен Регион, на урбани и на рурални заедници. Бројот на испитаниците е пропорционален на вкупната популација во секој регион.

Главниот примерок содржи 1.100 домаќинства; секое домаќинство го претставува испитаник на возраст од 18+ години.

Во истражувањето беа вклучени вкупно 34 општини, со опфат во урбани и во рурални средини, репрезентативно одбрани од сите осум статистички региони во земјава. Теренската работа се одвиваше од 20 октомври до 1 ноември 2023 година.

Статистичката грешка за истражувања од овој вид е + / −3 %, што е нормална девијација за овој репрезентативен примерок.

## ДЕМОГРАФИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

| | | % | N |
|---|---|---|---|
| Пол | Машки | 49,4% | 543 |
| | Женски | 50,6% | 557 |
| Возрасна граница | 18 – 29 години | 14,4% | 158 |
| | 30 – 49 години | 38,3% | 421 |
| | 50 – 64 години | 26,7% | 294 |
| | 65+ години | 20,6% | 227 |
| | Одбива да одговори | 0,0% | 0 |
| Образование | Без образование / незавршено основно образование | 1,0% | 11 |
| | Основно образование | 5,8% | 64 |
| | Средно со три години | 3,8% | 42 |
| | Средно образование | 59,8% | 658 |
| | Вишо | 7,5% | 82 |
| | Високо, м-р, д-р | 21,8% | 240 |
| | Одбива да одговори | 0,3% | 3 |
| Етничка припадност | Македонец/Македонка | 73,5% | 809 |
| | Албанец/Албанка | 23,6% | 260 |
| | Србин/ка | 0,5% | 5 |
| | Влав/Влаинка | 0,6% | 7 |
| | Турчин/ка | 0,7% | 8 |
| | Ром/ка | 0,6% | 7 |
| | Бошњак/Бошњачка | 0,4% | 4 |
| | Друга | 0,0% | 0 |
| Работен статус | Вработен во приватен сектор | 42,8% | 471 |
| | Вработен во државен сектор | 13,7% | 151 |
| | Меѓународна институција | 0,3% | 3 |
| | Невладин сектор | 0,4% | 4 |
| | Невработен | 9,2% | 101 |
| | Ученик/студент | 4,5% | 49 |
| | Домаќинка | 0,6% | 7 |
| | Приватник/сопственик на бизнис | 2,6% | 29 |
| | Хонорарец | 0,7% | 8 |
| | Пензионер | 22,9% | 252 |
| | Земјоделец | 2,3% | 25 |
| | Нешто друго | 0,0% | 0 |
| Место на живеење | Град | 67,2% | 739 |
| | Село | 32,8% | 361 |
| Регион | Вардарски | 7,4% | 81 |
| | Источен | 8,7% | 96 |
| | Југозападен | 11,5% | 126 |
| | Југоисточен | 8,4% | 92 |
| | Пелагониски | 10,0% | 110 |
| | Полошки | 15,4% | 169 |
| | Североисточен | 8,3% | 91 |
| | Скопски | 30,5% | 335 |